## I. Реализирани активности во рамки на МАТРА Проект “Зајакнување и имплеметирање на јавна внатрешна финансиска контрола на централно ниво“

### 2. Обука „Презентирање на системот за финансиско управување и контрола и негова имплементација“

Обуката е одржана на 12 ноември 2009 година во просториите на Клубот на пратеници – Скопје. На обуката присуствуваа 20 учесници од 10-те пилот институции од централно ниво.

На обуката беа разработени трите столба на системот на јавната внатрешна финансиска контрола: финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и нивната хармонизација.

Исто така, беа разработени новините во Закон за јавната внатрешна финансиска контрола, обврските за институциите кои произлегуваат од истиот и подзаконските акти кои се во тек на донесување.

Посебно внимание беше посветено на разработка на надлежностите на единиците за финансиски прашања особено во делот на координацијата на изготвувањето на буџетот, спроведувањето на буџетската контрола, сметководството и плаќањата, како и координацијата на јавните набавки.